677

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**
**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје

8. II. 1966

# ЗАПОЗНАВАЊЕ со графичките техники

● **Изложба под овој наслов ќе биде прикажана во низа училишта во Скопје и внатрешноста**

Музејот на современата уметност во Скопје деновиве презема неколку нови иницијативи. Меѓу нив посебно интересирање предизвикува една изложба, што веќе се прикажува.

Станува збор за изложбата „Запознавање со графичките техники", за чие отворање во гимназијата „Георги Димитров" во Скопје ние ги информиравме нашите читатели.

Оваа изложба е составена од одбрани графички листови, што се наоѓаат во колекцијата на Музејот, преку кои ќе се настојува, колку што е можно подостапно, да се прикажат одделни графички техники.

За остварувањето на оваа цел изложбава е проследена и со текст, што има карактер да информира како за самите техники така и за авторите на изложените графики.

Изложбата има дидактички карактер, и таа ќе биде прикажувана во училиштата во Скопје и во внатрешноста, и во Педагошката академија во Скопје. Според она што го постигнала досега може да се рече дека интересот што го предизвикува кај посетителите е над очекувањата, а нејзината целисходност е целосна зашто им е на дофат и на професорите и на учениците